# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за финансии |
| Назив на предлог законот | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри |
| Краток опис на проблемот | Со Законот за игрите на игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14 и 139/14), лица помлади од 18 години не можат да учествуваат во игрите на среќа. Приредувачот на играта на среќа е должен да го оневозможи учеството на лица помлади од 18 години, како и влез во просториите каде што се приредуваат игрите на среќа. За непочитување на овие одредби се предвидени прекршочни санкции, односно предвидена е глоба во износ од 1.000 евра за одговорното лице во правното лице.<br>Учеството во игрите на среќа во суштина претставува однос помеѓу учесникот и приредувачот на играта на среќа во кој исходот не зависи од волјите на учесниците во играта. Имајќи ја во предвид деловната неспособност на малолетниците, со предложениот закон се воведува обврска за приредувачите на игрите на среќа да го оневозможат влезот на малолетниците во просториите каде што се приредуваат игрите на среќа со истакнување на натпис на влезот на деловната просторија дека строго се забранува влез на лица под 18 години, како и глоба во износ од 5.000 евра за правното лице, а доколку делото се повтори, ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од шест месеци до две години. |
| Цел на предлог законот | Донесувањето на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри е со цел да се избегне можноста од штетни последици кои можат да ги предизвикаат игрите на среќа врз малолетниците. |
| Временската рамка за | Ноември 2014 |

| | | |
|---|---|---|
| изготвување на предлог законот | | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk. | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставaт мислењата, забелешките и сугестиите | Министерство за финансии<br>Луј Пастер 6б<br>1000 Скопје | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>02/3255-350 | |
| Други информации | / | |